# Медиум

весник за сите средношколци

Четврток, 25.05.2017; година V; бр. 31

www.medium.edu.mk


„ТЕМА ЗА ДИЛЕМА“

# Матурска забава: испит на зрелоста или трка за престиж



Фото: Маја Јаневска-Илиева

стр.5



КАДЕ БЕВМЕ?

ДРУЖЕЊЕ, ЗАБАВА И УМЕТНОСТ НА ПРВИОТ СРЕДНОШКОЛСКИ ФЕСТИВАЛ

стр. 4



ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

ЧЕТИРИНАЕСЕТ СРЕДНОШКОЛЦИ ОД „ЈАХЈА КЕМАЛ“ УЧЕСТВУВАА НА НАТПРЕВАР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

стр. 6



ЗАВРШНА РАБОТИЛНИЦА НА КОАЛИЦИЈАТА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

стр. 8


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**

**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

ВОВЕДНИК



Александра Теменугова, Висока школа за новинарство и за односи со јавноста и раководителка на проектот „Коалиција за медиумска писменост“

# Време е за медиумско описменување на учениците

Последниве 7-8 години, а особено во изминатите 17 месеци со поддршката од Европската Унија работиме на унапредување на медиумската писменост кај средношколците, бидејќи сметаме дека е од исклучително значење младите да знаат како критички да им пристапуваат на информациите.

Се обидуваме тоа да направиме преку Медиумските лаборатории кои ги организираме во средните училишта на кои со учениците дискутираме како се раѓаат и пишуваат вестите. На овие интерактивни часови кои ги држиме со колегите од „Нова Македонија“, но и преку њњњ.медиум.еду.мк, ги охрабруваме младите да се изразуваат, да пишуваат и да бидат активни граѓани. И овој весник кој сега го читате е резултат на тие напори. Сето ова го правиме за да ја пополниме празнината во образовниот систем за развивање вештини и знаења за деконструкција на вестите. Ниту во Националната стратегија за образование 2016-2020, ниту во Стратегискиот план за образование 2017-2019 при Министерството за образование, не се споменува поимот „медиумска писменост“.

Најблиску до него е поимот „дигитална писменост“, укажувајќи на интенцијата за примена на информатичко-компјутерските технологии во образованието преку воспоставување портал за е-учење и систем за управување со учењето, како и континуирана обука на наставниците за користење нови технологии како алатки во образованието.

Но употребата на компјутерите во 30 отсто од наставата не значи дека креираме медиумски писмени граѓани (иако и ова е спорно, оти истражувањето покажа клучни недостатоци во примената на оваа законска одредба: нема Интернет во сите училници, нема доволно компјутери, најчесто училиштата имаат еден кабинет за чијашто употреба, како што рекоа дел од наставниците, „треба да закажат две-три недели однапред за да го користат“, има проблеми со нередовно сервисирање на мрежите...).

Со нашите посети во училиштата гледаме дека и на самите професори им се неопходни обуки за медиумска писменост. Ретки се оние професори ентузијасти кои сакаат да направат весник, училиштен сајт или некој медиумски производ и како што велат, ова најчесто се случува во рамките на проектните активности за драма, за литература, и тоа како изборни, а не задолжителни предмети.

Од она што го гледаме во училиштата е дека се созреани условите за промена на наставните програми не само во средното, туку и во основното образование. Но знаеме и дека тоа не е едноставна работа. Тоа подразбира еден сеопфатен и добро испланиран процес, кој треба да го води пред сè Бирото за развој на образованието и во консултација со другите институции, граѓански и медиумски организации.

# „Корчагинци“ ќе присуствуваат на лансирање ракета на НАСА

Петмина матуранти од скопската гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“ ќе патуваат во центарот „Кенеди“ на НАСА во Флорида и во живо ќе проследат лансирање на ракета во вселената. Оваа награда тие ја освоија како победници на натпреварот „НАСА Спејс апс челинџ 2017“, кој годинава по петти пат се одржа во Скопје.

Нивниот тим „Свифт“ во финалето се натпреваруваше заедно со уште два други средношколски тима, а по две недели напорна работа и унапредување на проектите, на 17 мај беа прогласени за победници.

Проектот со којшто победија е продукт, односно електронски уред кој мери колку еден покрив или градина е поволен за соларен панел. Александар Момироски, Борче Ангелов, Јаков Докузов, Павел Ѓоргоски и Дамјан Постоловски се учениците кои работеа на овој проект, а нивна менторка беше професорката Валентина Антиќ.




# Избрани најдобрите дебатери кои ќе ја претставуваат Македонија во Чешка



Тројца средношколци, Андријана Пејчиновска, Јаков Шаревски и Анастасија Марковска, летово ќе учествуваат на Интернационалната дебатна академија во Чешка откако победија на Националното дебатно првенство за дебатери-средношколци кое се одржа на 5 и 6 мај.

Овој тим го освои првото место во земјава во конкуренција на 15 други екипи составени од по тројца ученици. На Националното првенство, кое е во организација на дебатната програма на Младинскиот образовен форум (МОФ), средношколците поминаа четири прелиминарни и финална рунда, во кои дискутираа на тези од областа на „Вештачката интелигенција“ и „Државното и политичко уредување“. За овие теми тимовите се подготвувале еден месец, додека тезата за полуфиналето им беше зададена на денот на настанот, а полуфиналистите имаа 45 минути да ги подготват своите аргументи за дебатата. Победниците, како што најавија организаторите, на Интернационалната дебатна академија летово во Чешка ќе ја претставуваат дебатната програма на МОФ, а воедно и Македонија.

- Со организирањето на овој настан, МОФ традиционално обезбедува платформа за примена на дебатните и аргументациските вештини кои дебатерите ги стекнуваат на нивната дебатна обука во текот на целата академска година. Освен што добиваат можност за учество на компетитивна дебата, средношколците дополнително истражуваат и се едуцираат во определени области избрани за конкретниот турнир - соопштуваат организаторите. Националното дебатно првенство се одржа на Универзитетот ФОН, а е поддржано од фондацијата Отворено општество Македонија.

# Илјада матуранти танцуваа квадрил во центарот на Скопје

Околу илјада матуранти од повеќе скопски средни училишта танцуваа во рамките на манифестацијата „Матурска парада 2017“, што се одржа минатиот петок на плоштадот „Македонија“ во центарот на главниот град.

Средношколците го заиграа танцот квадрил точно напладне, а во исто време со нив танцуваа и нивните врсници од уште десет европски држави. За оваа манифестација, како што посочија од танцовиот клуб „Ритам плус“, матурантите почнале да се подготвуваат уште од почетокот на второто полугодие, а освен квадрил научиле да танцуваат и салса. „Матурската парада“ прерасна во традиција и годинашната манифестација беше единаесетта по ред, организатори беа Дирекцијата за култура и уметност, а поддршка за овој настан дадоа и Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија и Градот Скопје.

# Средношколците од Кичево ги посетија врсниците од Хелсинки

Ученици од кичевската гимназија „Мирко Милески“ се дружеа и ги следеа предавањата што ги имаат средношколците во Хелсинки за време на нивната посета на финскиот главен град. Оваа можност тие ја имаа во рамките на проектот „Лобирање во практика“, што е дел од „Еразмус плус“, интегрираната програма на Европската Унија во областа на образованието, обуката и младите.

Во Финска патуваа петмина ученици и тројца професори од средното училиште во Кичево.

- Првиот ден имаше организирано игри со цел да се зближиме со учениците-домаќини, потоа секој ден одевме на часови и имавме можност да ја следиме наставата и да добиеме поголема претстава за образованието во оваа скандинавска земја - вели средношколецот Љупчо Цветаноски. Професорката и координаторка на проектот, Павлина Билеска, пак, за посетата на Хелсинки посочи дека учениците имале можност она што досега го учеле во теорија да го применат и во практика. Ова не е прва ваква соработка на средношколците од Кичево. Претходно друга група ученици беше во посета на Брисел. З.А.

МЕДИУМ

**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004 и Александар Самарџиски, aleksandar.sa@novamakednoija.com.mk

**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска

**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734

**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

ЛУКА ЃОРЃИЕВСКИ, ВОКАЛ И ГИТАРИСТ ВО БЕНДОТ „ФАНК ШУИ“

# Омилената песна ја напишав на час по биологија



Денес е студент по психологија, а тинејџерските години, освен по спомените од средно, ќе ги памети и по тоа што во тој период заедно со своите другари си ја оствaрил желбата, формирал музички бенд. По повеќе од шест години постоење, бендот со кој настапува е препознатлив меѓу скопската публика. Лука Ѓорѓиевски е вокал и гитарист во „Фанк шуи“. Тој, заедно со другарите од алтернативниот бенд Давид Николовски (на тапани) и Михаил Намичев (бас-гитара), на почетокот на мај настапи на затворањето на првиот средношколски фестивал „Конект“, кој се одржа во четири средни училишта во Скопје и во Градскиот парк.

**Што го окупира твоето секојдневие во последниов период?**

- Новиот засилувач на звук. Тоа е засилувач со каков што свирел Џими Хендрикс. Со ист таков бендот „Ред хот чили пеперс“ го има свирено албумот „Blood Sex Sugar Magik“. Имав среќа. Не знам дали знаете колку вреди, но јас успеав да го најдам само за сто евра.

**Ги спомна „Ред хот чили пеперс“. Имаш ли омилена или која песна од нив најчесто ја свириш?**

- Не можам да издвојам која ми е омилена песна, но можам да кажам која во последно време многу често ја свирам. Тоа е песната „Soul to Squeeze“.

**Кога станува збор за песните на твојот бенд, која ти е најдрага?**

- „Улица 22“. Тоа е улицата на која секогаш се враќам и каде што ги поминав првите четири години од животот. Поточно, станува збор за улицата Сава Ковачевиќ, број 22, која се наоѓа во Припор. Песната ја напишав на час по биологија во средно. Се сеќавам дека тоа беше кога учевме за централен нервен систем. Мислам дека тоа беше и моментот кога сфатив дека сакам да студирам психологија.

**Ја слушаш ли сопствената музика?**

- Да, си ја слушам музиката. Но многу ретко можам да уживам во неа, затоа што секогаш сум критички настроен. Се преиспитувам цело време. Така е со сè што правам и мислам дека така треба и да биде. Веројатно кога не ја правиш сам музиката, кога е твој само текстот или пеењето, можеш да уживаш повеќе во песната.

**Каде би сакал да свириш?**

- Во „Ројал Алберт хол“, кружната концертна сала во Лондон. Таму, но и на секој покрив. На кој било покрив, од која било зграда, каде што ќе може да дојде публика и да ни биде убаво на сите.

**Освен во психологијата и музиката, во што друго уживаш?**

- Многу пливам, а обожавам и да играм кошарка. Играм со голема страст, само тогаш ми се појавува желба да се натпреварувам. Инаку, по природа немам натпреварувачки карактер. Исто така уживам и во возење велосипед, имаше период кога секој ден со велосипедот се искачував на Водно, без разлика дали грееше сонце или врнеше дожд.

**Ана Николовска и Марија Томова, четврта година, СУГС „Георги Димитров“ - Скопје**



КАДЕ БЕВМЕ?

„КОНЕКТ-ФЕСТИВАЛ“ ВО ЧЕТИРИ СРЕДНИ УЧИЛИШТА ВО СКОПЈЕ

# Дружење, забава и уметност на првиот средношколски фестивал





Запознавање нови другари, правење графити, изложба на креативни фотографии, дружење со познати и успешни личности и забава со музички бендови беше она што ги исполни петте дена од првиот средношколски фестивал.

Идејата за еден ваков настан ја реализираа група млади ентузијасти од четири средни училишта во Скопје, „Јосип Броз-Тито“, „Никола Карев“, „Орце Николов“ и „Георги Димитров“. Фестивалот го доби името „Конект“ од англискиот збор што значи „поврзува“, бидејќи целта на организаторите била да се поврзат овие училишта и учениците во нив.

„Конект-фестивал“ траеше пет дена (од втори до шести мај), а во секое училиште се организираше по еден настан, додека затворањето се случи во Градскиот парк.




Отворањето беше во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ и првиот ден ѝ беше посветен на уличната уметност. Учествуваа повеќе млади графит-артисти, кои на средношколците посетители им ги претставија своите дела, а двајца од нив и на самото место го презентираа начинот на создавање графити.

Во духот на креативноста продолжи и вториот ден, во кој домаќини беа учениците од „Никола Карев“. Во холот на каревци се одржа изложба на фотографии, кои опфаќаа мотиви од урбаниот живот.

Панел-дискусија беше на програмата на третиот ден. Таа се одржа во гимназијата „Орце Николов“, а говорници беа диџејот Гоце САФ, авторот Коста Петров, најмладата менторка во НАСА, Мартина Димоска, и претприемачот и добитник на сертификат од „Мајкрософт“, Хајан Селмани. Сите тие зборуваа за нивните достигнувања, од почетоците досега, како и за нивната мотивација да продолжат да го прават она кон што се насочиле. Сите имаат различни цели, но обединети им дадоа поддршка и ги мотивираа средношколците да не се откажуваат од желбите и да му се посветат на својот напредок. Успешните говорници, како пример за упорноста и надминување на пречките за реализација на една идеја, ја посочија токму и организацијата на овој фестивал.

Инспирирани од она што го видоа и слушнаа во првите три дена, средношколците го дочекаа и четвртиот. „Конект-фестивал“ се пресели во „Георги Димитров“. Ден резервиран за рандеву, за кое имаше едноставни правила на игра. Секој учесник случајно седнуваше до кое било момче или девојка и пет минути зборуваа на зададена тема. По истекот на петте минути се бараше нов соговорник, со кого продолжуваа истите правила. По час и половина смеа, дружење и добро расположение се заокружи и четвртиот ден, а посетителите, покрај позитивната енергија, стекнаа и понекое ново пријателство.

Учениците неуморни го започнаа и петтиот, последен ден од фестивалот. Затворањето беше на Школка, во Градскиот парк. За да биде незаборавно со своите настапи се погрижија и музичките групи: „Фанк шуи“, „Фрик јуник“, „ФФФ“ и „Рап позитив“. Се чини немаше подобар начин да се заокружи првиот средношколски фестивал од тричасовното музичко уживање со овие групи.

Многучасовната работа и длабоката посветеност, но и исполнетите очекувања, несекојдневната атмосфера и дружбата се она по што ќе биде запаметен овој „Конект-фестивал“. Фестивал за кој учениците се надеваат дека ќе прерасне во традиција и ќе биде дел од средношколските спомени и за наредните учебни години.

**Ана Николовска, четврта година, СУГС „Георги Димитров“ - Скопје**

„ТЕМА ЗА ДИЛЕМА“

# Матурска забава: испит на зрелоста или трка за престиж



Фото: Маја Јаневска-Илиева



Фото: МЕТЕОР

Барање фустани и одела, одбирање на шминка и фризура, купување подароци се само дел од „главоболките“ кои традиционално ги имаат матурантите и нивните семејства секој мај. Честење со роднините и пријателите и празнење на домашниот буџет, пак, е она со што се соочуваат родителите.

Училишната забава е со музика во живо и вечера во ресторан или во хотел, а картата чини во просек од илјада до две илјади денари. На оваа сума, велат, се надоврзуваат и парите потрошени за дотерување.

- Плативме по илјада за ресторанот. Фустанот ме чинеше 4.000, а штикли купив за 1.100 денари. Плус потрошив речиси две илјади за надградба на ноктите, за фризурата и за шминката. Гледав да најдам поевтини работи, но ако сакаш да се дотераш како и сите други, тогаш најмалку што може да потрошиш се шест илјади денари - вели Кристина Цветковска, матурантка од средното скопско училиште „Димитар Влахов“.

Покрај официјалната матурска вечер, голем дел од средношколците организираат и предматурска забава или прославуваат дополнително и со востановениот уметнички декор - групи трубачи во училишниот двор.

Родителите, пак, се жалат дека вкупните трошоци при матурирањето на нивните деца достигнуваат и до неколку стотици евра.

- Мислам дека за мојата свадба се облеков за помалку пари отколку што потрошивме за гардероба на син ми. Кога на ова ќе ги додадам и парите за подароци за класните професорки, фотографиите за табло, семејната прослава за да ги почестиме роднините и пријателите, одделната забава што сака да ја направи син ми со неколку другари, тогаш се собираат и околу 500-600 евра најмалку - раскажува Роберт Митревски, родител на матурант од Скопје.

Исто е и во другите градови низ земјава. Лидија Тасевска, директорка на средното училиште „Перо Наков“ во Куманово вели дека на ист начин прославуваат и кумановските матуранти. - Ресторан, шминка, свечена облека.. Исто е и тука. Фамилијарните прослави сè почесто се во ресторан наместо дома. Има семејства кои се задолжуваат. Така е со години и, за жал, нема никаква промена, иако се намали стандардот кај домаќинствата. Во основа, родителите мислат дека овој начин на прослава не е најдобар - вели Тасевска.

Марина Евтимова, професорка по македонски јазик во виничката гимназија „Ванчо Прке“ вели дека досегашните пресметки за матурските трошоци на еден нејзин ученик се 48.700 денари. „Тука влегува прославата во ресторан, табло, облека, подарок за партнерката, домашната прослава со најблиските... И притоа би потенцирала дека се работи за поскромно семејство“, вели Евтимова.

Професорката Марина Лотеска од скопската гимназија „Георги Димитров“ смета дека секоја генерација е одраз на времето во кое живее, секоја си има свој белег и остава особено сеќавање и емоции кај нив.

- Често знаеме да критикуваме дека матурските прослави се луксуз, претерување, приказ на престиж итн. Да, може да имаме различни ставови, но мојот впечаток за оваа генерација, од разговорите со нив, е дека домашните прослави ќе поминат скромно во однос на другите генерации. Свесни за домашниот буџет, за реалноста и ситуациите во државата, децата станаа порационални, за жал, губејќи го детскотo, губејќи ја безгрижноста - вели професорката.

Од друга страна, пак, според неа, учениците израснале во прекрасни личности и успешни ученици, со кои се надева ќе останат пријатели во иднина.

За луксузот и натпреварот за престиж, кои го споменуваат нашите соговорници, зборува и студентката Наташа Стојменовска, која средното образование го завршила пред пет години.

- И кога мојата генерација се подготвувавме за матурската забава бевме преокупирани со гардеробата и шминката, со тоа како ќе изгледаме. Така беше, а верувам и сега е истата еуфорија кај повеќето матуранти. Меѓутоа, кога ќе погледнам од оваа временска дистанца, она што најмногу ми остана во сеќавање од прославата е забавата, караоке-шоуто и игрите што ги организиравме. Сега да се вратам назад, не верувам дека ќе се грижев толку за тоа да купам нешто брендирано и поскапо, туку ќе мислев да ја направиме атмосферата што е можно позабавна и незаборавна - раскажува студентката.

Одбележување на матурирањето со забава во ресторан нема ништо лошо, смета и социологот и универзитетската професорка Даниела Коцева. Но она што е проблем, вели таа, е начинот на кој денес поголемиот дел ученици и родители го сфаќаат овој настан.

- За жал, во општеството се наметна тој тренд матурантите на прославите да се трудат да покажат поголем престиж, кој од нив ќе биде подобро облечен и дотеран. На некој начин се натпреваруваат. Постои и онаа група каде што и самите родители сакаат на тој начин да покажат некаква моќ. Исто така, голем е бројот на скромни семејства кои не можат да си дозволат толкав луксуз, но за да се вклопат нивните деца со преостанатите прават сè што можат за да им го овозможат тоа, некои дури и се задолжуваат - коментира Коцева.

Таа вели дека овој „испит на зрелост“ може да се прослави и на многу поскромен начин, а ако веќе се трошат толку многу пари, постојат и други начини како да се одбележи матурирањето. На пример, посочува, може да се организира и некое генерациско патување, па на тој начин учениците ќе може да видат нешто што немале можност досега, а паралелно со тоа да ги спојат и дружењето и забавата.

Александар Самарџиски, новинар во „Нова Македонија“

ЧЕТИРИНАЕСЕТ СРЕДНОШКОЛЦИ ОД „ЈАХЈА КЕМАЛ" УЧЕСТВУВАА НА НАТПРЕВАР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

# Освоија девет медали на меѓународна олимпијада во Кенија



Два златни, исто толку сребрени, како и пет бронзени медали освоиле 14 средношколци од приватното средно училиште „Јахја Кемал" на меѓународна олимпијада за животна средина во Најроби, Кенија, која се одржала од 7 до 10 април годинава. Со вкупно девет иновациски проекти (изработени во тимови или поединечно), учениците од Македонија се натпреварувале во четири од вкупно шест категории. Животна средина, енергија, агрикултура, дизајн на животна средина се областите во кои тие ги презентирале своите проекти. Покрај нивните, на олимпијадата биле претставени проекти на околу 180 тима од 22 земји.

Веста дека може да аплицираат за учество на меѓународниот натпревар ја добиле од своите професори. Кога проектите биле прифатени, можноста да отидат во Кенија ја добиле 14 ученици од Скопје, Струга, Струмица и од Тетово.

Олимпијадата во Кенија траела четири дена, а презентирањето на проектите на сите учесници се случувало во еден ден. Во секоја категорија имало судии, експерти во таа област, кои ги оценувале проектот, начинот на презентирање, подготвеноста и знаењето на учениците.

Преостанатите три дена од овој настан биле резервирани за доделувањето на наградите, за туристичка прошетка, а имало и Ден на културата, во кој натпреварувачите ги презентирале културата и традицијата на земјата од која доаѓаат.

Јоаким Јаковлески од Скопје е еден од учениците што биле во Кенија и што освоиле златен медал. Се натпреварувал во категоријата за енергија, односно со проектот „Примената на сончевата енергија низ светот и нејзините придонеси кон општеството, економијата и природата".

- Од тоа што го гледав околу мене, често доаѓав до заклучок дека сончевата енергија не е искористена како што треба. Затоа го направив проектот, за да видам како се користи сончевата енергија, со што се собира, како се пренесува и каде се собира. Потоа се обидов да најдам нови начини како да ги подобрам тие фактори и како да ги комбинирам за да го добијам најповолниот резултат во вид на чиста енергија што не му штети никому - вели средношколецот.

Како што вели тој, иако е добро информиран за темата, ова било негово прво поголемо искуство во некаков проект поврзан со сончевата енергија и со енергетиката воопшто. Но се надева дека ова е неговата појдовна точка, па во иднина ќе има можност да истражува повеќе.

- Отсекогаш сум се прашувал зошто сончевата енергија не е повеќе искористена и како таа се собира. Затоа одлучив да направам истражување во таа насока - вели Јоаким.

Другото злато е исто така во оваа област, а го освоиле Александар Стојчески и Ивона Стојческа од Струга за проект на тема „Влијанието на собната температура врз ефикасноста на соларните панели".

- Направивме опит за тоа дали соларните панели работат со иста ефикасност на собна температура споредено со други температури, повисоки и пониски. Иако првобитната хипотеза беше дека ефикасноста на соларните панели се зголемува со температурата, експериментот го докажа спротивното, дека соларните панели произведуваат помалку енергија ако се изложени на температури повисоки од собната температура - велат учениците.

Дона Штерјова од Скопје и Костадин Митков од Струмица, пак, се натпреварувале заедно со проектот на тема „Агрикултурни и животински отпадоци како органски ѓубрива".

- Дојдовме до идеја да им помогнеме на земјоделците во нивната секојдневна работа. Искористувајќи го отпадниот материјал од зајакот, неговиот измет, заедно со остатоците од печурки и ориз, направивме едно природно ѓубриво, кое имаше видлив ефект на должината и на квалитетот на растението, во мојот случај гравче - раскажува Дона.

Освен за проектите, со средношколците разговаравме и за нивниот престој во Кенија. Велат, запознале многу нови луѓе со различни идеи и мотиви, а оттаму понеле многу незаборавни моменти.

- Видовме колку науката и искреното пријателство можат да ги преминат сите ѕидови и да ги спојат луѓето - вели Јоаким.

Задоволна од учеството, организацијата и од новите пријатели е и неговата другарка Дона. Како што вели таа, се надева дека постигнатите резултати и освоените медали ќе им помогнат и на неа и на другите средношколци полесно да го најдат патот до некој престижен факултет во странство.

А.А.С.



## Со кои проекти се натпреваруваа учениците

**Јоаким Јаковлески:** Примената на сончевата енергија низ светот и нејзините придонеси кон општеството, економијата и природата

**Тамара Мичевска и Симона Даиловска:** Звучното загадување и неговото влијание врз човековото здравје

**Надира Банеска:** Моликата како одличен природен извор на боја

**Јован Петрески и Петар Миладинов:** Моќта на природата - антимикробски ефекти на есенции од диво оригано, црн ким и див лук

**Бисера Лозановска и Натали Ристеска:** Тајниот лек за загадената околина лежи во самата околина

**Дона Штерјова и Костадин Митков:** Агрикултурни и животински отпадоци како органски ѓубрива

**Ангел Иванов:** Борба против ефектот на стаклена градина со помош на нов иновациски метод

**Доника Клења:** Добар кандидат за извор на биогориво од алги

**Александар Стојчески и Ивона Стојческа:** Влијанието на собната температура врз ефикасноста на соларните панели

# ЈАС МИСЛАМ ВАКА

## Желбата за заминување - најболно сеќавање за средношколските денови

Велат дека средношколските денови биле најубави. Нешто на кое се навраќаш со носталгична насмевка и со по некоја солза. Измешани чувства од радост и тага по време кое одамна поминало, по време кое не се враќа. Еве ме и мене, пред крајот на моето средно образование. Се подготвувам за матура. По што ќе се сеќавам на средното образование? Во глава засекогаш ќе ми остане ѕвонливата смеа низ ходниците и џагорот во училниците, негодувањата поради ненајавеното испрашување, револтот од однесувањето на некој професор, исчекувањето на резултатите од тестовите, инспиративните професори кои давале мотивација да го надминеш својот максимум, да се надминеш себеси, дискусиите на часовите... Последнава година, пак, можеби најчестото прашање беше „Каде по средно?“. Многумина одговараа дека не се сигурни, а имаше и деца кои цврсто се држеа до своите желби и беа убедени во тоа што сакаат да го прават. Но на прашањето дали планираат да студираат тука или во странство повеќето беа со исто размислување. Одговараа како себеси се гледаат некаде надвор. И разбирливо. Не ја гледаат својата иднина тука. Во исчекување се на своето заминување. Зборуваа за реализираните амбиции, постигнатите успеси, зборуваа за сè она што немаат можност да бидат тука.

Ете ова ќе биде уште нешто по што ќе го паметам завршувањето на средното образование. Ова е најболната точка на моето сеќавање на средношколските денови. Најтежок ќе биде септември, кога ќе сфатам дека голем дел од моите другари и другарки од клупите се километри и километри оддалечени од мене. Секако дека се радувам за нив и оти им ја посакувам целата среќа на овој свет, затоа што тие тоа и го заслужуваат. Но боли. Боли, бидејќи она што го сакаат не им е овозможено тука, не можат да го направат тука. Боли, бидејќи ќе бидат оддалечени од семејството, од најблиските, од домот. Ме боли и помислата на тукашната ситуација - општество без младина. Општество во чија иднина не се гледаат млади луѓе, не се задржуваат нови интелектуални генерации.

**Ана Николовска, четврта година, СУГС „Георги Димитров“ - Скопје**





## Да ги помириме книгата и Интернет

Секојдневно слушам жалби од љубителите на пишаниот збор за изгубениот интерес на младите кон книгата. Сите зборуваат дека „проблемот“ е популарноста на Интернет и неедукацијата на младите. И како по обичај, секој зборува за проблемот. Никој не помислува на решението кое најчесто ни се наоѓа пред нос.

Јас како дел од, според мене, најранливата категорија - младите, мислам дека возрасните во нас гледаат можност да ги поправат сопствените грешки. Се обидуваат да ни го покажат правилниот пат без разлика колку е здодевен. Ние, пак, го бараме најзабавното за да се посветиме на исполнување на целите, а книгите се чини дека за мојата и за новите генерации не спаѓаат во интересниот дел. Поинтересно ни е она што можеме да го најдеме „онлајн“.

Зарем не би било добро да се направи комбинација од едукација и забава? Или можеби веќе постои?! Сметам дека мал дел слушнале за електронска библиотека. Тоа е наједноставната ризница која можеме да ја носиме в џеб. Со една таква библиотека нема ни да се најдеме во ситуација некој да позајми книга и да заборави дека воопшто ја зел, дека таа постои. Секоја чест за умните глави кои го искористуваат Интернет и за оваа работа.

Секако дека виртуелното катче за коешто зборувам има и свои лоши страни. Недостига мирисот на хартијата, кој мене лично ме исполнува со секое вртење на листот. Како што секој дом има карактеристичен мирис, истото е и со книгите. Недостига допирот со прстите до печатот и „полудувањето“ во ситуациите кога ја губиш страницата до која си застанал.

Меѓутоа, тоа е дигиталната ера. Нема враќање назад. Мора да ја следиме „модата“ ако сакаме да бидеме во тек. Барем ние младите новите работи ги прифаќаме брзо. Затоа, зошто и дигитализацијата да не ја свртиме во наша полза? Зошто својата мисла да не ја развиваме и преку сајбер-просторот?

Можеме, бидејќи помирувањето на двете „завојувани страни“ - компјутерите и книгите зависи од нас. Нивниот сојуз би ни бил од голема корист.

**Тијана Атанасовска, втора година, СОУ „Св. Кирил и Методиј“ - Неготино**

## Младите може да го променат општеството

Од сите инспиративни приказни што досега сум ги читала, повеќето се врзани за младите луѓе. За нивниот порив да дадат за општеството во коешто живеат, да творат, да променат нешто, да опстанат... За нивната постојана борба да го поместат времето чекор нанапред.

Во општеството такво какво што е, со секој нов ден се наметнува потребата тоа да биде понапредно, подемократско, поотворено за сите негови чинители. Потребата не е тоа да се стреми кон идеалното, туку едноставно само по себе да биде соодветен одговор на реалните потреби на граѓаните. Кога станува збор за улогата на младите во него, и историјата потврдила многу пати дека младата интелектуална сила е онаа која со својот револуционерен дух може да влијае многу силно, ако не и одлучувачки за општествените текови, промени и случувања. Меѓутоа, не секогаш сфатени добронамерно, честопати потценети како идеалисти и недоволно искусни, младите биле свесно маргинализирани како категорија. Сепак, вистината и чесната намера, порано или подоцна излегувале на виделина.

Како дел од оваа категорија на авангардна граѓанска сила, и јас чувствувам потреба не само да го изразам своето демократско мислење, туку и активно да дејствувам преку граѓански иницијативи и здруженија.

Сметам дека, неизвалкани, некорумпирани и неинструментализирани од никој, младите можат да го променат општеството. Преку својот крик за правда, за социјална еднаквост и демократизација во општеството.

Да, точно е, има и такви кои велат дека некои од нас не се доволно ефикасни и продуктивни, дејствуваат незаинтересирано и неодговорно. Можеби, според мене, тоа е производ на „стерилниот“ начин на живеење во општеството. Меѓутоа, сметам дека тоа може да се промени. Можеме да ја исполниме нашата граѓанска обврска да се посветиме и бориме за подоброто, за просперитет. За промени во позитивна насока кои ќе ни донесат само бенефиции на нас, на нашето општество.

**Ана-Марија Зафирова, втора година, СОУ „Кочо Рацин“- Свети Николе**



ВЕСТИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Завршна работилница на Коалицијата за медиумска писменост



Медиумски писмениот граѓанин умее да ги користи традиционалните и новите медиуми преку кои ќе ги промовира своите барања и интереси во јавноста. Но како сето ова добро да се испланира и реализира? Одговорите на овие прашања ги бараа претставниците на осумте граѓански организации и новинарите од нивните медиуми-партнери што се членови на Коалицијата за медиумска писменост, која ја основа Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, во соработка со дневниот весник „Нова Македонија“ и Институтот за различности во медиумите од Лондон.

Четириесетина учесници заедно со своите ментори од Високата школа ги развиваа комуникациските планови и стратегии за дигитални комуникации за сите осум иницијативи на граѓанскиот сектор преку кои ќе се унапредува медиумската писменост. Обуката се одржа во Битола, од 19 до 21 мај, и е последна од вкупно пет обуки на кои учествуваа претставниците на граѓанските организации и на медиумите. Од јуни до јануари 2018 година, членовите на коалицијата ќе почнат со реализација на своите иницијативи. Овие активности се во рамките на проектот „Медиумска писменост во ера на наплив на информации: Коалиција за медиумска и информациска писменост“, кој го финансира Европската Унија.

## СОВЕТУВАМЕ:

## Пет клучни аспекти на медиумската писменост

Медиумската писменост се дефинира како способност за пристап, анализа, евалуација и комуницирање со информации во сите нивни форми. Петте клучни аспекти на медиумската писменост се:

1. Медиумите конструираат

Медиумските производи ги креираат поединци, кои избираат што ќе се објави, а што не. Врз нивните одлуки влијаат личните гледишта, претпоставки, предрасуди и медиумите на кои се изложени. Како резултат на ова медиумските производи честопати не се целосно точен одраз на реалноста.

2. Секоја публика различно толкува

Авторот и публиката заеднички учествуваат во создавањето значење на еден медиумски производ. Различни публики различно ги толкуваат медиумските производи. Медиумската писменост ни помага да разбереме како возраста, полот, расата и општествената положба влијаат врз нашите толкувања на медиумските содржини.

3. Медиумите имаат комерцијална улога

Медиумите се бизниси кои имаат цел да остваруваат профит. Тие се дел од корпорации кои влијаат на содржината и на дистрибуцијата. Прашањата за сопственоста и контролата се клучни. Мал број луѓе контролираат што ќе гледаме, читаме и слушаме во медиумите.

4. Медиумите имаат социјална и политичка улога

Медиумите пренесуваат идеолошки пораки за вредностите, моќта и авторитетот. Често она што отсуствува во нивните содржини може да биде поважно отколку она што го има. Често тоа е резултат на несвесни предрасуди и претпоставки, и може значително да влијаат врз нашето мислење и верување.

5. Секој медиум има единствена естетска форма

Содржината на медиумите делумно зависи од природата на медиумот. Ова ги вклучува техничките, комерцијалните и раскажувачки потреби на секој медиум. Повеќе информации за медиумската писменост може да најдете на http://www.medium.edu.mk/resursi/video.

## СТРИП




www.comicscenter.mk Автор: Наталија Веселинова Втора година СОУ „Митко Пенџуклиски“- Кратово

Во соработка со Стрип центар на Македонија

## КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

### Конкурс за авторски дела на тема „Средношколско организирање и учество“

Младинскиот образовен форум (МОФ), Коалицијата на младински организации СЕГА и првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ објавуваат повик за текстови, фотографии и илустрации на теми поврзани со средношколското учество и средношколското организирање. Право на учество имаат сите средношколци кои своите идеи за средношколско организирање и учество сакаат да ги преточат во авторски дела во форма на текст, фотографија или илустрација. Пријавувањето е во тек. Авторските дела (испратени со краток опис на идејата доколку станува збор за фотографии и илустрации) треба да се испратат на policy@mof.org.mk. За сите објавени авторски дела следува симболична награда. Повеќе информации на http://www.radiomof.mk.

### Младински натпревар за претприемаштво

„Stiftung Entrepreneurship“ и „Goi Peace Foundation“ ги покануваат сите млади претприемачи да учествуваат со свои иновациски идеи и проекти кои ќе имаат влијание врз општеството. Пријавувањето е преку Интернет, со креирање сметка (акаунт) на следниот линк https:/www.entrepreneurship-campus.org/register/. Иновациските идеи и проекти кои ќе ги задоволат критериумите на комисијата ќе поминат во вториот круг, каде што учесниците ќе имаат можност да ги доработат нивните проекти и ќе треба да направат триминутна видеопрезентација. Победникот го избира публиката со гласање. Ќе се одберат по три победници во секоја категорија кои ќе добијат сертификати и во зависност од пласманот ќе добијат бронзен, сребрен или златен виртуелен беџ. Пријавувањето трае до 31 јули. Повеќе информации на http://www.mladiinfo.eu.

### Натпревар за краток филм

„DepicT!“ - Меѓународниот натпревар за краток филм ги повикува сите млади филмаџии да учествуваат со свој филм во траење од најмногу 90 секунди на тема по сопствен избор. Видеата не треба да бидат подолги од 90 секунди, вклучувајќи ги насловот и одјавната шпица. Можат да бидат во различни жанрови и на кој било јазик, со тоа што сите видеа кои нема да се на англиски јазик, ќе мораат да имаат англиски превод. На конкурсот може да се учествува со видеа снимени по септември 2016 година. Победникот на конкурсот ќе добие награда во вредност од 1.500 фунти. Пријавувањето за конкурсот трае до 3 јули. Повеќе информации на http://www.mladiinfo.eu.